# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА В2.4-ОПШТИ И СПЕЦИЈАЛНИ БОЛНИЦИ ОД СЕКУНДАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗА СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА РАДИОЛОГИЈА И ОНКОЛОГИЈА НА КП 1454/3, 1454/4, 1454/5, 1454/6, 1454/7, 1454/8 И ДЕЛ ОД КП 1454/1 КО КАТЛАНОВО ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

## ВОВЕД

Согласно член 58 став 6 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.32/20), урбанистички проект (УП) може да се изработува и за поединечни градби и инфрастарруктури од државно и локално значење вон населени места за простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап.

Во таков случај УП се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

Изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В2.4-Општи и специјални болници од секундарна здравствена заштита, за специјална болница за радиологија и онкологија на КП 1454/3, 1454/4, 1454/5, 1454/6, 1454/7, 1454/8 и дел од КП 1454/1 КО Катланово, Општина Петровец** е во согласност со член 59 став 6 точка 13 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20, како и член 58 став 3 точка 15 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20 и 219/21) според кој може да се уредуваат поединечни градби од државно и локално значење од групите на класи на намени А, Б, В, Г, Д и Е што ги задоволуваат условите за поединечни градби, односно групи на градби и инфраструктурни градби вон населени места за коишто поради самостојната слободностоечка и поединечна поставеност, оддалеченоста од населено место, специфичностите на начинот на употреба или технологија, не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план.

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на објект за секундарна здравствена заштита - специјална болница за радиологија и онкологија.

## ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена В2.4-Општи и специјални болници од секундарна здравствена заштита, за специјална болница за радиологија и онкологија на КП 1454/3, 1454/4, 1454/5, 1454/6, 1454/7, 1454/8 и дел од КП 1454/1 КО Катланово, Општина Петровец,** се наоѓа на југоисточно од селото Катланово и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација.

Пристапот ќе се обезбеди од постојниот пристапен пат, од југозападната страна на проектниот опфат.

Границите на проектниот опфат се:

- На **североисток** поминува низ дел од КП 1454/1, по што продолжува да се движи по дел од нејзината границата, КО Катланово.
- На **југоисток** продолжува да следи дел од границата со КП 1454/1, се качува нагоре, по што скршнува во лево при што ја сече и поминува низ дел од истата КП 1454/1 КО Катланово.
- На **југозапад** се движи по дел од границата со постојниот пат на КП 1689, КО Катланово.
- На **северозапад** ја следи границата со КП 1454/2, КО Катланово.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 0,5 ha (5.313,73м$^2$) и е со следните координати на прекршните точки на опфатот:

| | |
|---|---|
| 1. | X=7557381.4000 Y=4638592.4400 |
| 2. | X=7557373.7300 Y=4638604.1500 |
| 3. | X=7557363.1418 Y=4638597.2250 |
| 4. | X=7557351.6000 Y=4638615.8400 |
| 5. | X=7557301.0400 Y=4638594.3700 |
| 6. | X=7557317.8500 Y=4638563.4100 |
| 7. | X=7557318.8000 Y=4638561.6700 |
| 8. | X=7557332.2200 Y=4638536.9700 |
| 9. | X=7557337.5365 Y=4638526.9755 |
| 10. | закривеност -0.1862<br>центар X=7557343.1818 Y=4638524.9431<br>радиус 6.0000<br>почетен агол 160 краен агол 118 |
| 11. | X=7557340.3640 Y=4638530.2403 |
| 12. | X=7557378.8380 Y=4638550.7063 |
| 13. | X=7557383.1300 Y=4638544.1400 |
| 14. | X=7557390.6200 Y=4638532.8800 |
| 15. | X=7557392.9300 Y=4638534.0300 |
| 16. | X=7557413.0700 Y=4638543.8600 |
| 17. | X=7557404.9400 Y=4638556.4600 |
| 18. | X=7557396.7300 Y=4638569.0100 |
| 19. | X=7557389.0600 Y=4638580.7200 |

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Просторот во рамки на проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена В2.4-Општи и специјални болници од секундарна здравствена заштита, за специјална болница за радиологија и онкологија на КП 1454/3, 1454/4, 1454/5, 1454/6, 1454/7, 1454/8 и дел од КП 1454/1 КО Катланово, Општина Петровец,** треба да се разработи како комплекс од градби наменети за здравствена заштита т.е. во градежната парцела треба да се утврди простор определен со градежни линии во кој можат да се поставуваат повеќе градби – болница и други градби кој ја дополнуваат и служат исклучиво за функционирање на основната намена.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20 и 219/21), се планира следната поединечна намена:

**В2.4-Општи и специјални болници од секундарна здравствена заштита**

Согласно член 80 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/20 и 219/21), комплементарните намени се подразбираат во процесот на одредување на намена на земјиштето и градбите, зашто се вградени во

програмските содржини на сите поединечни видови на градби. Тоа се сите дејности или активности кои се вршат на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служат за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер.

Во **Планскиот дел** од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри, внатрешни сообраќајници и партерно решение со хортикултура.

Покрај ова, потребно е решавање и на сообраќајниот пристап и стационарниот сообраќај. Имајќи ја во предвид предметната поединечна намена, а согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20 и 219/21) за начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места за групата на класи на намена В2 – Здравствени и социјални установи, се користи следниот норматив:

„За здравствени установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места"

Во овој урбанистички проект, согласно потребите на инвеститорот, во рамки на сопствената парцела треба да се планираат максимум 40 паркинг места за моторни возила.

В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план врз основа на препорачаниот стандард од 1 паркинг место за велосипед на секои 10 вработени и/или на секои 10 корисници на институцијата, но потребниот број се уредува во планот во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања

Во овој урбанистички проект, во рамки на сопствената парцела треба да се планираат максимум 20 паркинг за велосипеди.

**Проектниот дел** на урбанистичкиот проект да содржи идеен проект за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонска.

Болничкиот комплекс ќе го сочинуваат следните градби и содржини:

СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА РАДИОЛОГИЈА И ОНКОЛОГИЈА: влезен простор, центар за едукација, информативен центар, управа и администрација, дијагностички центар, амбуланта за прегледи - дневни пациенти, заеднички помошни, економски и сервисни простории, болничка аптека, одделение за енергија, одржување и помошни простории, радионуклидна терапија, радиофармацевтска лабораторија – радиологија, лаборатории и придружни простории и стационар за здравствена нега и дополнителни содржини.

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Потребно е да се предвидат приклучоци за сите инсталации кои се неопходни за функционирање на објекти од овој тип.

**Инвеститор**

**Д-р Жан Митрев**